ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА

MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 17 и 35 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Претседателот на ДГМ, за **18.2.2022** год. (петок) со почеток од 13:00 ч. свикува

**ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ДГМ**

со следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1) Избор на работни тела на Собранието
2) Усвојување на Записник од претходното Собрание
3) Извештај на верификационата комисија
4) Назначување на Почесен член на ДГМ
5) Предлози за доделување на Благодарници на ДГМ
6) Извештај за работата на ДГМ во 2021 год.
7) Извештај за финансиска состојба
8) Избор на претседател на Млади геотехнички инженери за период 2022-24 год.
9) Годишен план за активности на ДГМ во 2022 год.
10) Информација за предлог-Тарифникот за инженерски услуги
11) Разно
12) Повикано предавање: Проектирање на гео-био-инженерски мерки за косини – проф. д-р Слободан Б. Мицковски (Каледонски универзитет – Глазгов)

Забелешка:
- Годишното собрание ќе се одржи со примена на видео-конференциска врска, преку алатката ZOOM, со користење на следните параметри:
https://gf-ukim-edu-mk.zoom.us/j/87451801216?pwd=UUJ0NDN1d2M5aVUrU0xySk5WMFM2Zz09
Meeting ID: 874 5180 1216
Passcode: DGM

- Доколку сте спречени да земете учество во работата, Ве молиме својата согласност или сугестии да ги испратите по електронски пат.

Со почит,

Претседател на ДГМ,

Во Скопје, 10.2.2022 год.

Вонр. проф. д-р Јован Бр. Папиќ

# ЗАПИСНИК ОД ГОДИШНОТО СОБРАНИЕ НА ДГМ ОДРЖАНО НА 19.2.2021 ГОД.

Врз основа на член 17 и 35 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Претседателот на ДГМ, на **19.2.2021** год. во **13:00 ч.**, свика Годишно собрание со

## ДНЕВЕН РЕД

1) Избор на работни тела на Собранието
2) Усвојување на Записник од претходното Собрание
3) Извештај на верификационата комисија
4) Именување на стипендијата која ДГМ ја доделува на успешни студенти на програмата по геотехничко инженерство („проф. д-р Васил Витанов“)
5) Назначување на Почесни членови на ДГМ: ем. проф. д-р Радомир Фолиќ (Србија); ем. проф. д-р Иван Врклјан (Хрватска)
6) Извештај за работата на ДГМ во 2020 год.
7) Извештај за финансиска состојба
8) Годишен план за активности на ДГМ за 2021 год.
9) Предлози за проширување на нацрт-Законот за градење и на Правилникот за класификација на градби
10) Разно
11) Предавање на доц. д-р Зоран Берисављевиќ: The influence of joints and joint networks in rock slope stability modeling

Поради пандемиските услови, Годишното собрание на ДГМ се одржа „на далечина“, со користење на видео-конференциска врска, преку алатка ZOOM. Истото беше отворено од Претседателот на друштвото, вонр. проф. д-р Јован Бр. Папиќ кој им се заблагодари на присутните за присуството.

По усвојувањето на точките од дневниот ред, се пристапи кон нивен претрес, имајќи предвид дека материјалите беа проследени до членовите на ДГМ.

1) Избор на работни тела на Собранието:

За работните тела на Собранието беа предложени и потврдени: работно претседателство – Јован Бр. Папиќ, д-р Драган Димитриевски и проф. д-р Милорад Јовановски; верификациона комисија – м-р Елена Ангелова и м-р Тони Китановски; верификувачи на записникот – вонр. проф. д-р Игор Пешевски и м-р Бојан Јаневски; додека записникот го водеше асс. м-р Бојан Сусинов.

2) Усвојување на Записник од претходната седница

Записникот од претходната седница беше усвоен едногласно.

3) Извештај на верификациона комисија

Комисијата извести дека се исполнети условите за полноправно одлучување на Собранието.

4) Именување на стипендијата која ДГМ ја доделува на успешни студенти на програмата по геотехничко инженерство („проф. д- Васил Витанов”)

Претседателот го образложи предлогот да стипендијата што ДГМ три години ја доделува на студенти по геотехничко инженерство при Градежниот факултет – Скопје, да го носи името на личноста која е прв претседател на ДГМ, доајен на геотехниката во Македонија, за што и семејството дало поддршка. За дискусија се јавија проф. Јовановски и проф. д-р Љубомир Танчев кои ја поздравија идејата, по што Собранието го усвои предлогот за именување на стипендијата „проф. д-р Васил Витанов”.

5) Назначување на почесни членови на ДГМ: ем. проф. д-р Радомир Фолиќ (Србија); ем. проф. д-р Иван Вркљан (Хрватска)

На излагањето на Претседателот во кое ги претстави ем. проф. д-р Фолиќ и ем. проф. д-р Вркљан преку податоци од нивната биографија и придонесот кон ДГМ (учество на настани на ДГМ, соработка со членови на ДГМ, придонес кон развојот на геотехниката во Македонија), како и правните основи, се надоврза проф. Јовановски кој посочи дека оваа практика треба да се следи и во иднина, по што Собранието го усвои предлогот за назначување на ем. проф. д-р Радомир Фолиќ и ем. проф. д-р Иван Вркљан за Почесни членови на ДГМ.

6) Извештај за работата на ДГМ во 2020 год.

Претседателот ги презентираше редовните активности на членовите на ДГМ во тековната година, а меѓу позначајните се издвојуват:

- Јануари: учество на работилница на ISRM во Љубљана, каде проф. Јовановски одржа предавање и оствари средби со членови на претседателството на ISRM
- Февруари: во Стопанската комора на Македонија, потпишан е Меморандум за соработка со Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите; остварени се контакти со Инженерска институција на Македонија (ИМИ) за одбележување на 100 години инженерство во Македонија, за што беше подготвен материјал од ДГМ за Друштвото и за геотехниката во Македонија; Посетен е х.Метропол и извршена е авансна уплата на финансиски средства за резервација на термин за одржување на симпозиумот;
- Март: поради прогласување на пандемија, беа одложени низа планирани настани за следните месеци, помеѓу кои и Петтиот симпозиум, гостувања на професори, учество на обука...
- Јуни-август: се одржаа предавања од проф. д-р Борис Јеремиќ (UCLA Davis) (во соработка со ЗМКГБ); при ISSMGE, номинирани се м-р Атанас Страшески за награда за истакнат млад геотехнички инженер OYGEA, и проф. Иван Ваничек (Чешка) за Златен медал Кевин Неш; проф. Јовановски и вонр. проф. Пешевски одржаа предавања на Вториот вебинар на Клубот на млади инженери при ИМИ; членовите на ДГМ беа известувани за позначајни семинари и предавања што во втората половина на годината интензивно се држеа по електронски пат.
- Септември: проф. д-р Јосиф Јосифовски е номиниран за член на ТК214 при ISSMGE; ДГМ резервираше учество на свои членови на обуки за EC 7 организирани од Инженерска комора на Црна Гора; покриени се школарини на осуммина студенти; со друштвата за геотехника (ДГ) на БиХ и на Србија подготвен проект „Cooperation of Bosnian, North Macedonian and Serbian geotechnical associations in the regional network and joint approach to world associations, conferences and projects“ и аплицирано за поддршка кај Шведската агенција за меѓународен развој; подготовка на ERASMUS+ проект: „International Mobility in a Virtual Environment (iMOVE)“ (носител Каледонски универзитет од Глазгов – GCU)
- Октомври: преку проф. д-р Слободан Б. Мицковски, аплицирано е на GCU за поддршка на проект од значење за геотехниката во Македонија (улогата на вегетација при стабилност на косини, и примена на CAD, GIS и BIM технологии, со анкета за „Дигитални вештини во градежништвото – состојба и потреби“); на 14.10. се одржа 18-та Седница на Собранието на ИСРСМ каде претставници беа м-р Китановски и м-р Сусинов; на 28.10. се одржа Совет на ISRM, каде е поднесен извештај за работата на ДГМ (2019-20) и дадена е поддршка на ДГ на Парагвај за иден домаќин на меѓународен симпозиум, кое потоа и освои мнозинство гласови; Клубот на млади инженери при ИМИ, во кој се активни и млади членови на ДГМ, беше успешен организатор на Европска конференција одржана по електронски пат
- Ноември: претседателот на ISRM, проф. Улусај, одржа мошне значајно и широко опфатно предавање за членовите на ДГМ („Влијание на геолошките услови врз тунели изградени во карпи“) каде присутни беа 130 лица, меѓу кои и од сродни друштва од сите земји од регионот.

- Декември: се одржа состанок на Клубот на членки на ISRM од Европа, каде се дискутираа и предизвици: број на членови, активности во CoViD-19-опкружување (во рамките на која точка беше претставено и предавањето на проф. Улусај до ДГМ), електронски, видео и печатени изданија итн.; ЗМКГБ одржа симпозиум во соработка со SloCOLD, каде претседател на една од сесиите беше д-р Димитриевски; ДГМ поднесе кандидатура за домаќин на 12-тиот Меѓународен симпозиум за теренско набљудување во 2026 год., а претставувањето ќе се одвие во рамките на следниот што ќе се одржи во септември '22 год. во Лондон; по случувањето на големото свлечиште во Аск, Норвешка, и земјотресите во Хрватска, беа упатени пораки до тамошните друштва со понуда за пружање на потребна поддршка...

7) Извештај за финансиската состојба

За финансиската реализација и годишната пресметка беше доставен материјал во електронска форма за состојбата на двете сметки на Друштвото. Главни столбови врз кои се потпира финансиското работење на ДГМ се уплатите од спонзорите во вид на котизации и донации, а значајна помош се и членарините собрани врз основа на потпишаните меморандуми за соработка со поголем број компании. Од овие средства, покриени се расходи:

- Уплата на резервација во х. Метропол за организација на симпозиум
- Ситни трошоци за банкарски провизии
- Уплата на школарини за студенти по геотехника
- Годишна членарина за ISSMGE

Претседателот ја презентираше финансиската реализација и заклучи дека состојбата на сметката е поволна и овозможува покривање на проектираните трошоци до крајот на фискалната година и одржување на Петтиот симпозиум каде ќе имаме поголем број на гости од странство: повикани предавачи, делегирани претставници на друштва и сл.

Дискутантите сметаа дека состојбата е стабилна и покрај пандемијата со CoViD-19.

8) Годишен план за активности на ДГМ за 2021 год.

Претседателот даде објаснување за настаните и активностите кои се предвидени за 2021 год:

- Во првата половина на 2021 год. ќе се одвива реализација на проектот во соработка со GCU
- За учесниците на обуката за софтверите на ROCSCIENCE (во Белград; одложена од '20 год.) ќе се организира превоз
- Со стапувањето на сила на еврокодовите, најавено е одржување на обуки: ДГМ ќе даде поддршка од аспект на Еврокод 7 и негова стручна и административна имплементација
- Преку потпишаниот Меморандумот за соработка со Стопанската комора на Македонија – ќе се пристапи кон изработка и пласирање на Правилник што ќе ја надополни законската регулатива и ќе ги појасни обврските содржани во рамките на Законот за градење и Правилникот за класификација на градби
- Без оглед на форматот и околностите во кои ќе се реализира, ДГМ ќе ги продолжи активностите за организација и одржување на Петтиот симпозиум (одложен за 10-12.6.) со поддршка на ISRM и како Втора конференција на регионалните геотехнички друштва
- ДГМ ќе ја поддржи организацијата на регионалниот конгрес на студенти од геотехнолошки факултети ГЕОРЕКС кој ќе се организира со примена на е-алатки
- За користење на точна стручна терминологија, ќе се пристапи кон ажурирање и преведување на лексиконот на ISSMGE, што ќе се стори од страна на Одделението за млади геотехничари
- Информации за случувањата ќе се објавуваат и на интернет-страната mag.net.mk, која ќе продолжи да се одржува од страна на Одделението на млади геотехничари
- Гостувања, предавања, тркалезни маси (за примена на ценовникот на геотехнички услуги и дополнувања на Тарифникот), семинари (Дирекција за заштита и спасување), презентации (на работата на ТК 11 при ИСРСМ), обуки и др. од интерес
- Учество со трудови на научни и стручни собири (ДГКМ, ЗМКГБ, GEO-EXPO, EYGEC, ISC...)

- Учество во работата на техничките комитети при ISSMGE и ISRM
- Пружање на поддршка во формирање на база на податоци за свлечишта долж инфраструктурни објекти (со ЈПДП)
- Зачленување во: Балканска геофизичка асоцијација; Меѓународен конзорциум на свлечишта
- ДГМ ќе испрати забелешки до надлежните тела по однос на нацрт-Законот за градење и Правилникот за класификација на градби, при што ќе се продолжи комуникацијата со засегнатите институции и друштва.
- Доколку има активности, ДГМ ќе се вклучи во дополнување на Тарифникот на инженерски услуги преку Одделението за геотехника во КОАОИ.

9) Предлози за проширување на нацрт-Законот за градење и на Правилникот за класификација на градби

Претседателот ги презентираше констатациите и предлозите за подобрување на Законот за градење и Правилникот за класификација на градби кои ДГМ ги подготви и најави нивно повторно испраќање до Министерот, КОАОИ и други релевантни институции. Во развиената дискусија проф. д-р Јосиф Јосифовски апелираше да сите членови на ДГМ поактивно се вклучат во лобирање преку отворени писма, Стопанската комора и др., за да геотехниката биде повидлива во Законот. Проф. Јовановски упати препорака до сите инженери кои имаат двојно овластување (од две одделенија во КОАОИ), за матично одделение да го изберат одделението за геотехника со цел да се прикаже реалната распределба на места во Собранието на Комората.

10) Разно

Претседателот информираше дека е поднесен предлог до град Скопје за именувања на четири улици во градот според истакнати градежни инженери кои имаат релација со Скопје и регионот, а со цел да се подигне свеста за важноста на градежништвото и геотехниката.

Во делот на затворањето на точките од Дневниот ред, Претседателот се заблагодари на фирмите кои пружаат поддршка на работата на ДГМ.

11) Предавање на доц. д-р Зоран Берисављевиќ: The influence of joints and joint networks in rock slope stability modeling

По најавата на Претседателот на ДГМ, доц. д-р Зоран Берисављевиќ одржа предавање на споменатата тема по кое се разви плодна и корисна дискусија.

Во рамките на затворањето на Годишното собрание, Претседателот се заблагодари на присутните за учеството и поддршката.

Собранието беше затворено во 16:00 ч.

| Записничар, | Верификувачи на записник, |
|---|---|
| Асс. м-р Бојан Сусинов | Вонр. проф. д-р Игор Пешевски |
| | м-р Бојан Јаневски |

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 18.2.2022 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  П Р И З Н А Н И Е**

**ПОЧЕСЕН ЧЛЕН НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува признание на д-р Решат Улусај, професор од Република Турција, и го прогласува за Почесен член на ДГМ.

2. Признанието се доделува поради исклучителен придонес во следните полиња:

- Стимулирање на современиот развој на науката, едукацијата и практиката во областа на геотехниката;
- Поттикнување на трансфер на знаења, научно-технички информации и технологии во земјата и кон други земји преку организирање и поттикнување на различни форми на професионални средби и презентации, изложби, семинари, симпозиуми и слично;
- Организирање на соработка со сите организации кои се занимаваат со прашања од интерес за геотехниката кај нас и во странство;
- Координирање, насочување и стимулирање на ДГМ;
- Соработка со соодветни меѓународни и домашни асоцијации заради размена на информации, публикации, организирање на стручни предавања;
- Грижа за стручно усовршување и обновување на знаењата на членовите;

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Јован Бр. Папиќ

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 18.2.2022 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А Д О Д Е Л У В А Њ Е Н А П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува признание БЛАГОДАРНИЦА НА ДГМ на РУДНИК САСА ДООЕЛ – Македонска Каменица.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:

- Стимулирање на современиот развој на науката, едукацијата и практиката во областа на геотехниката;
- Иницирање, поттикнување и промовирање на истражувања и други форми на инвентивна работа од областа на геотехниката;
- Грижа за стручно усовршување и обновување на знаењата на членовите на ДГМ;

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Јован Бр. Папиќ

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 18.2.2022 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува признание БЛАГОДАРНИЦА НА ДГМ на ГД ГРАНИТ АД – Скопје, ДГ БЕТОН АД – Скопје, ГЕОХИДРОКОНСАЛТИНГ – Скопје, МИДЕЛ – Куманово, БИМ – Св. Николе и ИМС – Белград.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:

- Стимулирање на современиот развој на науката, едукацијата и практиката во областа на геотехниката;
- Поттикнување и зајакнување на размената на професионални, инженерски, научни и техничко-технолошки идеи, како и трансфер на научно-истражувачки, развојно-технички и проектански знаења и информации помеѓу наставно-научните и истражувачките организации, развојните и проектанските служби и производните претпријатија од областа на геотехниката;
- Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката;

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Јован Бр. Папиќ

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 18.2.2022 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува признание БЛАГОДАРНИЦА НА ДГМ на КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ.

2. Признанието се доделува поради придонес во следните полиња:

- Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Јован Бр. Папиќ

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 18.2.2022 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А Д О Д Е Л У В А Њ Е Н А П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува признание БЛАГОДАРНИЦА НА ДГМ на проф. д-р Јосиф Јосифовски, доц. д-р Златко Илијовски, асист. м-р Доне Николовски и м-р Бојан Јаневски.

2. Признанието се доделува поради придонес во:

- Нега и развој на етиката на инженерско-техничкото во областа на геотехниката и грижа за чување, заштита и подигнување на јавниот и професионалниот углед на здружението и членовите на здружението.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Јован Бр. Папиќ

Врз основа на член 12 од Статутот на ДГМ, како и Правилникот за доделување на признанија, Собранието на ДГМ, на предлог на Извршниот одбор на ДГМ, на седница одржана на ден 18.2.2022 год. донесува

**О Д Л У К А**
**З А  Д О Д Е Л У В А Њ Е  Н А  П Р И З Н А Н И Е**

**БЛАГОДАРНИЦА НА ДРУШТВОТО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**

1. Друштвото за геотехника на Македонија доделува признание БЛАГОДАРНИЦА НА ДГМ на Живко Гоцев, дипл.руд.инж.

2. Признанието се доделува поради придонес во:

- Поттикнување и поддржување на иницијативите на членови на ДГМ за научно-истражувачка работа, како и примена на научно-истражувачките резултати во областа на геотехниката.

3. Одлуката стапува во сила на денот на одржување на Годишното собрание на ДГМ.

Друштво за геотехника на Македонија
Претседател,

Вонр. проф. д-р Јован Бр. Папиќ

Врз основа на член 24 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Собранието на ДГМ на својата Седница одржана на 18.2.2022 год. го разгледа поднесениот

**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДГМ**

**ЗА 2021 ГОДИНА**

## 1. ОПШТО

Во овој Извештај се презентирани активностите на ДГМ во текот на 2021 год., кои претежно се засновани врз стекнатите традиции во претходните години на делување. Како и тогаш, и сега главна цел е да се задржи континуитетот во исполнување на програмските определби, да се обезбеди доследно вршење на мисијата на Друштвото и да се создадат услови за негов натамошен развој.

## 2. АКТИВНОСТИ НА ИЗВРШНИОТ ОДБОР И ТЕЛАТА НА ДГМ

Слично на претходните години, активностите кои се извршуваа во 2021 год. во најголем дел беа дефинирани на претходната седница на Годишното собрание, од која погоре е изнесен Записникот, но и ограничени поради пандемиските услови во кои се работеше. Во текот на неа, покрај подолу изнесеното, се вршеа консултации во рамките на Извршниот одбор (ИО), на кои се даваше пресек на реализираните работи и се дискутираа тековни случувања, вклучувајќи и одржувањето на симпозиумот. Во продолжение се дава хронолошки преглед на активностите за 2021 год.

- Јануари: Со оглед на неповолниот развој на епидемиолошките услови за организирање на симпозиумот, се разгледуваше можност истиот да се пресели во „виртуелна“ средина и во целост да се организира дигитално. Во рамки на проценка на условите, двајца членови на Одделението за млади геотехничари (претседателот м-р Тони Китановски и Теодор Димитриевски) беа делегирани да присуствуваат на Нордиско-балтичка геотехничка конференција, што беше еден од првите настани организиран на оваков начин. Искуствата беа пренесени до раководството на ДГМ и споделени подоцна во рамки на состаноци на ИО;
- Февруари-мај: се комплетираше и анализираше анкетата за проектот со GCU „Дигитални вештини во градежништвото – состојба и потреби“, после што се споделија видео-материјали за основна дигитална едукација (CAD, GIS и BIM технологии за моделирање на улога на вегетација при стабилност на косини)
- Март:
    1. се одржа Генерално собрание на Инженерска институција на Македонија (ИМИ), на кое по електронски пат присуствуваа м-р Бојан Сусинов и м-р Тони Китановски

2. И покрај добиени понуди и остварени средби (во присуство на млади членови на ДГМ) со фирми кои се бават со дигитална реализација на конференции, беше донесена одлука за повторно одложување на симпозиумот.

- При привршувањето на мандатот на тековното Претседателство на ISSMGE, се пристапува кон избор на регионални претседатели. Во април се дистрибуираше гласачко ливче за Европа, каде ДГМ го поддржа проф. Лиес Лалуи од Швајцарија (претходно дел и од Научниот одбор на XVI DECGE), кој потоа и ја доби позицијата (очекуваме да присуствува на симпозиумот во Охрид).
- Мај:
    1. Во мај се одржа Четвртиот вебинар на Клубот на млади инженери „Трендови на проектирање во градежништвото“, во чија организација и реализација повторно активно се вклучија и млади членови на ДГМ
    2. После разгледување на можностите и со поддршка на надлежното лице на Меѓународниот конзорциум за свлечишта (ICL) за Балканот, проф. Зекан од ДГ БиХ, ДГМ се зачлени во ICL. За свој претставник во Советот на ICL, ДГМ ја назначи вонр. проф. д-р Јулијана Бојаџиева, а заменик е вонр. проф. д-р Пешевски. Со зачленувањето, овозможен ни е редовен пристап до реномираниот часопис LANDSLIDES.
- Јуни
    1. Одржан е Втор состанок на европските членки во ISRM, каде се разгледувани извештаи за работа, прогрес во организација на настани, состојби во и пост-пандемија...
    2. Дискусија со учесници во анкетата за истражувањето со GCU по однос на наоди од неа и предлози за следни чекори
    3. Поднесен извештај до GCU со заклучоци од истражувањето
    4. Стапено во контакт со ISSMGE по однос на преводот на Лексиконот (материјалот се доработува и прилагодува во обработлива форма)
    5. Неколкумина членови учествуваа на техничката екскурзија во организација на ДГКМ за посета на мостот Пељешац во Хрватска
- Јули:
    1. Иницијална средба на учесници во проектот на ISSMGE – Time capsule (моментално во тек е анкета за овој проект!); делегирани претставници од ДГМ се д-р Димитриевски и м-р Китановски
    2. Почеток на работа на Тарифникот: повеќемесечна континуирана посветеност...
    3. Група студенти од Градежен факултет (ГФ) настапија на 25-ти ICAMES при универзитетот Богазичи во Истанбул и освоија I награда (за најдобар проект) со дипломска работа од геотехника

- Септември: предавање на м-р Елена Ангелова на Третото издание на вебинари за геологија и земјени науки во Лондон
- Октомври:
    1. Преку Одделението за геотехника при КОАОИ се поголем број на забелешки и сугестии за подобрување на предлог-Законот за градење
    2. Покриени се школарини за осуммина студенти на студиската програма по геотехничко инженерство при ГФ
- Ноември: одржан Совет на ISRM, во рамки на кој, помеѓу останатото, се одржа и гласање за претседател на ISRM во период 2023-2027. ДГМ даде поддршка на проф. Ана-Марија Фереро, повикан предавач на Петтиот симпозиум, која, меѓутоа, не доби мнозинска поддршка.
- Декември:
    1. При почетокот на работа на научно-истражувачки проект поддржан од МОН, за дел од кој е неопходна регионална соработка, беше остварена средба со претседателот на Српското друштво за механика на почви и геотехничко инженерство, проф. д-р Мира Вукиќевиќ
    2. Резервирани места за претставници од ДГМ на курс ROCKSTAB одржан на Рударско-геолошки факултет во Белград
    3. Проф. Улусај повторно одржа повеќечасовно предавање за студенти и членови на ДГМ, под наслов „Улогите на инженерската геологија и механиката на карпи во проценката на стабилноста на косини во карпи: преглед врз основа на постојни методи“. Како и минатогодишното, и ова беше проследено од околу 130 присутни лица, помеѓу кои и членови на сродните друштва од земји од регионот.
- Континуирано учество во работата на: ТК 11 – Геотехника при ИСРСМ; работни групи формирани од КОАОИ за изработка на Тарифник; истражување со GCU; реакредитација на студиска програма по геотехничко инженерство; известувања за позначајни семинари и предавања (дел од нив одржани во е-форма)...
- Учество на конференции и настани од областа на геотехниката: серија предавања мај-декември во организација на проф. Реди Кришна (повикан предавач на XVI DECGE); Трет ICASEM (јуни, со поддршка на м-р Доне Николовски); EUROCK и Early Carrier Forum – Торино (септември); 6$^{th}$ ISC – Будимпешта (септември); Петти конгрес на ЗМКГБ (октомври); Геотехнички аспекти грађевинарства / Земљотресно инжењерство (ноември, Врњачка Бања)...;

## 3. МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Главни столбови врз кои се потпира финансиското работење на ДГМ се уплатите од спонзорите во вид на котизации и донации, како и членарините собрани врз основа на потпишаните меморандуми за соработка со поголем број компании. Од преостанатите средства од минатата година, Друштвото ги покри следните расходи:

- Трошоци за банкарски провизии и сметководствени услуги
- Административни трошоци (адвокатски услуги) за пререгистрација
- Годишни членарини во ISSMGE (2021), ISRM (2020 и 2021), ICL (2021 и 2022), Институт за стандардизација (2021)
- Уплата на школарини за студенти по геотехника
- Регистрација на домен (mag.net.mk)
- Две котизации за учество на млади геотехничари на е-конференција

Покрај сите овие финансиски трансакции во минатиот период, до моментот на одржување на Собранието на сметката на ДГМ има средства во висина од околу 1200000 ден. Состојбата со приходи и расходи е подетално прикажана во прилог на овој Извештај. Може да се заклучи дека состојбата на сметката е релативно поволна за здружение од ваков карактер и овозможува покривање на проектираните трошоци во тековната година, за кога ни претстои одржување на Петтиот симпозиум. Но, со оглед на константните одливи поврзани со континуирано присуство во значајни меѓународни асоцијации од областа на геотехника, иако свесни и за потешките околности на работа во услови на пандемија, се апелира за редовно покривање на корпоративните членарини на фирмите во ДГМ.

## 4. ЗАВРШНИ СОГЛЕДУВАЊА

Во рамките на овој Извештај, направен е осврт на активностите на ДГМ во текот на 2021 год. Како што можеше да се види, и покрај отежнатите – но нешто поповолни во однос на 2020 год. – услови за работа, продолжено е со соработка со сродни друштва и институции, како и со одржување на настани, а посебен акцент е даден на меѓународно присуство. Со тоа, се цени дека зад нас е релативно плодна година, која го потврди ДГМ во значаен регионален партнер и сè повеќе препознаен во меѓународни рамки. Секако, освен задржување на истите позиции, тоа ги покачува и идните планови и очекувања, за што ќе биде неопходна поддршка од членството, не само од младите, туку и од компаниите, што ќе треба да се преточи во успешно организиран Петти симпозиум и остварување на зацртаните планови за работа. Имајќи го сето ова предвид, изразувам благодарност за пружената поддршка и реализираната работа, која верувам дека ќе остане константа.

Со почит,

Претседател,

Вонр. проф д-р Јован Бр. Папиќ

ДГМ MAG ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

**Годишен финансиски извештај за**
**ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА**
**за 2021 година**

| **Ставка** | **Износ [ден.]** |
|---|---|
| **Приходи остварени во период од 01.01.2021 до 31.12.2021** | **1.419.116** |
| **Расходи остварени во период од 01.01.2020 до 31.12.2020** | **197.106** |
| **Разлика на приходите над расходите** | **1.220.010** |
| | |
| **Вкупниот приход е остварен по основ:** | |
| Пренесен приход од минатата година | 1.402.147 |
| Членарини и донации | 10.800 |
| Приходи од камати | 0 |
| Приходи од котизации | 6.169 |
| **Вкупно** | **1.419.116** |
| | |
| **Расходот е по основ:** | |
| Провизија | 13.530 |
| Членирана во Институт за стандардизација | 5.215 |
| Членарина ISSMGE | 39.426 |
| Членарина во ICL за 2021 год. | 20.182 |
| Членарина во ICL за 2022 год. | 21.764 |
| Членарина во ISRM за 2020 год. и 2021 год. | 13.898 |
| Адвокатски услуги при пререгистрација | 1.500 |
| Регистрација на домен (mag.net.mk) | 799 |
| Уплата на школарини за студенти по геотехника | 62.000 |
| Рефундација на котизација за учество на двајца млади геотехничари на е-конференција (Нордиско-балтичка геот.конф.) | 15.252 |
| Сметководство | 3.540 |
| **Вкупно** | **197.106** |

Лице одговорно за составување на финансиски извештај за 2021,

Потпис

Лице одговорно за потпишување на финансиски извештај за 2021,

Потпис

Во Скопје, 31.12.2021 год.

Врз основа на член 16 од Статутот на Друштвото за геотехника на Македонија (ДГМ), Собранието на ДГМ на својата Седница одржана на ден 18.2.2022 год. донесе

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДГМ
# ЗА 2022 ГОДИНА

## Член 1

Годишниот план за работа на ДГМ ќе се реализира преку вршење на дејностите дефинирани во Статутот на ДГМ (во натамошниот текст: Статут).

## Член 2

ДГМ ќе ја организира и остварува својата активност во тек на годината континуирано.

## Член 3

ДГМ ги планира остварувањето и развојот на дејностите за кои е основано во согласност со средства од самофинансирачки активности, членарини, донации и сл.

## Член 4

ДГМ ќе остварува соработка со сите придружни членки, високообразовни и научни установи и Комората на овластени архитекти и овластени инженери, Стопанската комора на Македонија, Инженерската институција на Македонија и Институтот за стандардизација согласно со Статутот и Одлуките на Извршниот одбор (ИО) на ДГМ, врз основа на потпишани меморандуми за соработка.

## Член 5

Дел од планираните активности за 2021 год. се:

(1) Организирање на предавање на проф. д-р Милорад Јовановски во меѓународни рамки како дел од семинар на софтверската куќа ROCSCIENCE.

(2) Подготовка на материјал за проектот „Временска капсула“ на ISSMGE.

(3) ДГМ ќе ја следи динамиката на работа на Законот за градење и Правилникот за класификација на градби, и ќе се продолжи комуникацијата со засегнатите асоцијации, институции и друштва.

(4) После нивното изгласување, преку Стопанската комора на Македонија, ќе биде пласиран Правилник што ќе ја надополни законската регулатива и ќе ги појасни обврските содржани во Законот за градење и Правилникот за класификација на градби. За финализирање на подготовката ќе бидат формирани комисии.

(5) Преку Одделението за геотехника при КОАОИ, ДГМ останува вклучено во дополнување на Тарифникот на инженерски услуги.

(6) Во соработка со Одделението за геотехника при КОАОИ ќе се организираат повеќе активности: обука за BIM во геотехника (како континуитет од истражувањето со GCU); иницирање на настан „Геотехнички денови“; одржување на обуки за Еврокод 7 (и негова стручна и административна имплементација) и др.

(7) Продолжување со учество во работата на ТК 11 при ИСРСМ.

(8) Членови на ИО на ДГМ ќе земат учество на состанок на Советот на ISSMGE.

(9) ДГМ ќе ги продолжи активностите за успешна организација и одржување на Петтиот симпозиум што ќе се одржи во периодот 23-25.6.2022 год. со поддршка на ISRM и како Втора конференција на регионалните друштва за геотехника. За потребите на организација на симпозиумот, ИО на ДГМ ќе одржува редовни седници.

(10) Во рамките на симпозиумот се планира одржување на обуката за софтвери на ROCSCIENCE.

(11) За потреби на користење на точна стручна терминологија, ќе се ажурира и преведе лексиконот на ISSMGE, што веќе започна од страна на Одделението за млади геотехничари.

(12) Ќе се даде придонес при акредитацијата на студиите по геотехника на Градежниот факултет.

(13) ДГМ ќе ја поддржи организацијата на регионалниот конгрес на студенти од геотехнолошки факултети.

(14) Ќе се толкуваат и имплементираат дел од наодите од анкетата на Одделението на млади геотехничари за проектот „Временска капсула“.

(15) Во насока на одржување на присутност и активност во меѓународните асоцијации, ДГМ ќе ги продолжи постапките за зачленување во Балканската геофизичка асоцијација.

(16) Во Лондон ќе се претстави апликацијата за домаќин на Меѓународен симпозиум за теренско набљудување во 2026 год.

(17) Започнување на подготовки за организирање на Европска конференција за млади геотехничари на која ДГМ ќе биде домаќин во 2023 год.

(18) Информации за случувањата ќе се објавуваат и на интернет-страната mag.net.mk, која ќе продолжи да се одржува од страна на Одделението на млади геотехничари.

**Член 7**

ДГМ ќе продолжи со организирање на предавања на истакнати стручњаци од регионот и пошироко (предавање за хидрогеологија со гостин-предавач од Словенија), тркалезни маси (за примена на ценовникот на геотехнички услуги и дополнувања на Тарифникот), семинари (Дирекција за заштита и спасување), презентации (на работата на ТК 11 при ИСРСМ), обуки од интерес на членовите на Друштвото, за што редовно ќе ги информира по електронски пат (е-пошта, интернет-страница, билтен и сл.).

ДГМ ќе се заложи и за издавање на универзитетска литература од областа на геотехниката.

**Член 8**

Членовите на ДГМ ќе учествуваат со свои трудови на симпозиуми, конгреси и други научни и стручни собири во земјата и странство (ReSyLAB – Ријека, март; 19-ти симпозиум на ДГКМ – Охрид, април; 7$^{th}$ IYGEC – Сиднеј, април; 20$^{th}$ ICSMGE – Сиднеј, мај; 5$^{th}$ IC ND SMGE – Сев. Кипар, јуни; 11$^{th}$ ISFMG – Лондон, септември; EUROCK 2022 – Хелсинки, септември; 28$^{th}$ EYGEC – Москва, септември; Симпозиум на ЗМКГБ – октомври, Струга; 12-ти GEO-EXPO на ДГ БиХ – Приједор, октомври;...), дел од кои се одложени од порано поради пандемијата.

Членовите на ДГМ се охрабруваат да земат учество и во работата на техничките комитети при меѓународните друштва.

**Член 9**

За потребите на Јавното претпријатие за државни патишта, ДГМ ќе продолжи да соработува при формирањето на база на податоци за свлечишта долж инфраструктурни објекти.

ДГМ ќе пружи поддршка и во услови на неповолни појави во природата или општеството кои загрозуваат животи и материјални добра, а кои се во домен на неговата дејност.

**Член 10**

ДГМ ќе врши и други работи утврдени со закон, Статутот и другите акти на ДГМ, вклучувајќи и избор на нов претседател.

**Член 11**

Средства за реализација на активностите на ДГМ се обезбедуваат врз основа на:

- вршење образовни услуги на домашни и странски физички и правни лица;
- вршење високостручни услуги (изработка на проекти, страгегии, студии, ревизии, мислења, експертизи, мислења и сл.) на домашни и странски физички и правни лица;
- партиципација од членарини и уплати од придружните членки;
- приходи од котизации;
- приливи од спонзорства и финансиско-материјални поддршки;
- други извори.

**Член 12**

Одлуката влегува во сила со денот на усвојување на Годишното собрание на ДГМ.

Претседател на ДГМ,

Вонр. проф. д-р Јован Бр. Папиќ

ДГМ
MAG
ДРУШТВО ЗА ГЕОТЕХНИКА НА МАКЕДОНИЈА
MACEDONIAN ASSOCIATION FOR GEOTECHNICS

**Работата на ДГМ во изминатиот период ја поддржаа**

- АДИНГ АД – Скопје
- ARCO GeoLSA
- БАЛКАН – КОНСАЛТИНГ – Скопје
- БЕТОН АД – Скопје
- БИМ АД – Свети Николе
- БИТЕМ – Скопје
- БУЧИМ – Радовиш
- ГЕИНГ – Скопје
- GEOBRUGG
- ГЕОДИЗАЈН ИНЖЕНЕРИНГ – Скопје
- ГЕОИНГ – МК – Скопје
- ГЕОМАП – Скопје
- ГЕОКОНТРОЛ – Струмица
- ГЕОПРОЕКТ – ПРИМА ДООЕЛ – Скопје
- ГЕОТЕХНИКА – НОВА ДООЕЛ – Скопје
- ГЕОТЕХНИЧКИ ИНЖЕНЕРИНГ - Скопје
- ГЕОХИДРОИНЖЕНЕРИНГ – Скопје
- ГЕОХИДРОКОНСАЛТИНГ – Скопје
- ГРАДЕЖЕН ИНСТИТУТ “МАКЕДОНИЈА” – Скопје
- УКиМ, ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ – Скопје
- ГРАНИТ АД – Скопје
- ДИВИ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ – Скопје
- ЕВРОКОНСАЛТИНГ ДОО – Скопје
- ЕЛЕМ АД – Скопје
- ЕУРО РОАД ДИЗАЈН ГРУП - Скопје
- ЖИКОЛ ДООЕЛ – Струмица
- ЗАВОД за испитување на материјали и развој на нови технологии „Скопје“ – Скопје
- УКиМ, ИЗИИС – Скопје
- ИЛИНДЕН А.Д. – Струга
- ИНВЕСТИНГ ДООЕЛ – Радовиш
- ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
- УКиМ, КАТЕДРА ЗА ГЕОТЕХНИКА, Градежен факултет – Скопје
- KELLER
- МАЈО ГРУП – Скопје
- КОМОРА на овластени архитекти и овластени инженери
- OCTOPUS – Ријека
- ПРОГРЕС 98 – ИНФРАСТРУКТУРА – Гостивар
- ПРОСТОР – Куманово
- Рудник САСА – М. Каменица
- СИНТЕК – Скопје
- СИНТЕК СПЕЦИФИК – Скопје
- УНИВЕРЗИТЕТ „СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ – Скопје
- ХЕЦ МАВРОВО – Гостивар
- ЧАКАР & ПАРТНЕРС – Скопје
- STRABAG – Скопје

**ДГМ се заблагодарува за досегашната пружена поддршка и**

**ги потсетува пријателските фирми дека**

**со покриени корпоративни членарини за периодот 2018-21 год.**

**се обезбедуваат две котизации за учество на**

**Петтиот симпозиум – 23-25.6.2022 год.**